Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден _.05.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на член на Управен одбор на Јавна здравствена установа „Здравствен дом“ – Велес, претставник на Општина Велес**

1. Со ова решение се констатира престанок на мандатот на Силвија Богоевска, член на Управен одбор на Јавна здравствена установа „Здравствен дом“ - Велес, претставник на Општина Велес.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

На ден 21.05.2025 година од страна на Силвија Богоевска до Советот на Општина Велес, доставено е Барање за разрешување од член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес со бр.25-2917/1.

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на ден 16.06.2022 година, донесе Решение за разрешување и именување претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес со бр. 25-2933/24 од 17.06.2022 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.10/22). Со ова Решение се именува Силвија Богоевска за член во Управниот одбор во Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес, претставник на Општина Велес.

Согласно член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24): „Управниот одбор на јавните здравствени установи од примарната здравствена заштита го сочинуваат пет члена од кои тројца претставници на основачот и двајца претставници од единиците на локалната самоуправа од кои едниот го именува советот на општината на чие подрачје е седиштето на јавната здравствена установа, а другиот од советот на општината со најголем број жители на подрачјето што го покрива здравствената установа, не вклучувајќи ја општината на чие подрачје е седиштето на здравствената установа ако таа е со најголем број жители“.

Од причина што Силвија Богоевска е избрана за член на Советот на Општина Велес, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.